**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
**УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО И**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ИСТОЧНО САРАЕВО – ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ**

Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје – ***Институт за сточарство – Скопје***, во понатамошниот текст ИС, со седиште во Скопје, бул. “Илинден” 92А, п. фах 207, 1000, Скопје, Република Македонија, кој го застапува Директорот проф. д-р Родне Настова,

и

Универзитетот во Источно Сараево – ***Земјоделски факултет***, во понатамошниот текст ЗФ, со седиште во Источно Сараево, ул. “Вук Караџиќ” 30, 71123, Источно Сараево, Република Српска, Босна и Херцеговина, кој го застапува Деканот, проф. д-р Весна Милиќ, врз основа на член 41 од Статутот на Универзитетот во Источно Сараево.

Во согласност со Договорот за меѓууниверзитетска соработка потпишан помеѓу двата универзитета, како и изразената желба на двете институции за развивање партнерски односи, дефинирање на конкретни програмски активности, како и подобра соработка во областа на наставата, размена на студенти, наука, истражување, култура, како и други области од академското дејствување, договорните страни се согласни овие цели да ги остварат преку **Меморандум за научно-истражувачка соработка и размена на наставници и студенти.**

**Член 1**

Меморандумот има за цел да ја унапреди соработката помеѓу Институтот за сточарство од Скопје и Земјоделскиот факултет од Источно Сараево.
Со овој Меморандум, договорните страни се обврзуваат дека ќе развиваат меѓусебна соработка во областа на:

- изведување настава,
- размена на наставен кадар,
- пракса на студенти,
- изработка на заеднички проекти,
- издавачка дејност,
- организација на научни собири

**Член 2**

Институтот за сточарство од Скопје и Земјоделскиот факултет од Источно Сараево се обврзуваат дека на секоја можна работа ќе ангажираат свои стручни и материјални ресурси во границите на своите можности, притоа водејќи сметка да не се оштети ниту една договорна страна.

**Член 3**

Во согласност со работниот план од член 1 на Меморандумот, двете институции за секоја конкретна работа ќе подготвуваат анекс како составен дел на овој Меморандум, во кој ќе бидат прецизно одредени обврските (трошоците) и правата (приходите), како и одговорните лица за извршување на договорните обврски, односно за дадената работа.

**Член 4**

Со цел рационално користење на ресурсите, како и успешна реализација на предвидените програмски активности на двете институции, ќе се формираат посебни тимови за надзор и координација.

Координатор на заедничките работи од Институтот за сточарство од Скопје ќе биде директорот, проф. д-р Родне Настова, додека координатор на заедничките работи од страна на Земјоделскиот факултет од Источно Сараево ќе биде проф. д-р Весна Милиќ.

**Член 5**

Овој Меморандум се склучува за период од 3 (три) години со можност за негово продолжување, со тоа што секоја страна има право да го раскине договорот со писмено известување на другата страна. Времето на раскинување (отказен рок) е 1 (еден) месец.

**Член 6**

Овој Меморандум се смета за склучен на денот на негово потпишување од страна на овластените претставници на двете страни.

**Член 7**

Меморандумот е составен во 4 (четири) идентични примерока на македонски и босански јазик, по 2 (два) примерока за секоја од договорните страни.

| | |
|---|---|
| **За Универзитетот**<br>**“Св. Кирил и Методиј”**<br>***Институт за сточарство*** | **За Универзитетот во**<br>**Источно Сараево**<br>***Земјоделски факултет*** |
| **проф. д-р Родне Настова** | **проф. д-р Весна Милиќ** |
| **Директор** | **Декан** |
| *Скопје, ___________2017 година* | *Источно Сараево, _________2017 година* |

**МЕМОРАНДУМ О САРАДЊИ**
**УНИВЕРЗИТЕТА „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ – ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО – СКОПЈЕ И**
**УНИВЕРЗИТЕТА У ИСТОЧНОМ САРАЈЕВУ- ПОЉОПРИВРЕДНИ ФАКУЛТЕТ**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – ***Институт за сточарство - Скопје,*** у даљем тексту као ИС, са сједиштем у Скопљу, бул. Илинден, 92-а, П.Фах 207, 1000, Скопје, Република Македонија, кога заступа директор проф. др Родне Настова.

и

Универзитет у Источном Сарајеву- ***Пољопривредни факултет***, у даљем тексту као ПФ, са сједиштем у Источном Сарајеву, Вука Караџића 30, 71123, Источно Сарајево, Република Српска, Босна и Херцеговина, кога заступа декан проф. др Весна Милић, на основу члана 41. Статута Универзитета у Источном Сарајеву,

У складу са Споразумом о међууниверзитетској сарадњи потисаним измеџу оба универзитета, те израженом вољом обе институције за развијањем партнерских односа, дефинисањем конретних програмских активности, те јачом сарадњом у области наставе, размјене студената, науке, истраживања, културе, као и другим областима академског дјеловања, стране-уговорнице су сагласне да ове циљеве остваре кроз **„Меморандум *о научно-истраживачкој сарадњи и размјени наставника и студената“***.

**Члан 1**

Меморандум има за циљ да унаприједи сарадњу између Института за сточарство из Скопља и Пољопривредног факултета из Источног Сарајева.
Овим Меморандумом уговорне стране се обавезују да ће развијати међусобну сарадњу у области:

- извођења наставе,
- размјене наставног кадра,
- пракса студената,
- израде заједничких пројеката,
- издавачке дјелатности,
- организацији скупова

**Члан 2**

Институт за сточарство из Скопља и Пољопривредни факултет из Источног Сарајева се обавезују да ће на сваком могућем послу ангажовати своје стручне и материјалне ресурсе у границама својих могућности, водећи рачуна да се не оштети ни једна уговорна страна.

**Члан 3**

У складу са радним планом из члана 1 Меморандума, обоје институције ће за сваки конкретни посао сачинити Анекс као саставни део овог Меморандума, у коме ће бити прецизно одређене обавезе (трошкови) и права (приходи), као и одговорна лица за извршење уговорних обавеза, односно за дати посао.

**Члан 4**

У циљу рационалног кориштења ресурса те успјешне реализације предвиђених програмских активности, обоје институције формираће посебне тимове за надзор и координацију.
Координатор заједничких послова испред Института за сточарство из Скопља биће директор, проф. др Родне Настова, а координатор заједничких послова испред Пољопривредног факултета – Источно Сарајево, биће проф. др Весна Милић.

**Члан 5**

Овај Меморандум се закључује за период од 3 (три) године, са могућношћу за његово продужење, с тим што свака страна има право да откаже уговор путем писменог обавјештења другој страни – отказни рок је мјесец дана.

**Члан 6**

Овај Меморандум се сматра закљученим даном потписивања од стране овлашћених представника обје стране.

**Члан 7**

Меморандум је сачињен у 4 (четири) истовјетна примјерка на македонском и српском језику, по 2 (два) примјерка за сваку уговорну страну.

**За Универзитет у Источном Сарајеву**
***Пољопривредни факултет***

**проф. др Весна Милић**
**Декан**

*Источно Сарајево, ________2017. године*

**За Универзитет „св. Кирил и Методиј" во Скопје**
***Институт за сточарство - Скопје***

**проф. др Родне Настова**
**Директор**

*Скопље,_________2017. године*